**АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ**

---

**До: д-р Зоран Трајчевски, директор**
**на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

Врз основа на член 29 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр. 184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16 и 132/17), се доставува

Република Македонија
Агенција за аудио и аудиовизуелни
медиумски услуги - СКОПЈЕ

| Примено: | 05.06.2018 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
| 10 | 2726 | 1 | |

**ПИСМЕН ИЗВЕШТАЈ**
**ЗА ИЗВРШЕН АДМИНИСТРАТИВЕН НАДЗОР**

1. **Вид надзор:** редовен

2. **Субјект на надзорот:** телевизискиот програмски сервис на Радиодифузно Друштво НАША ТВ ДООЕЛ - Скопје

3. **Период опфатен со надзорот:** 7 мај 2018 година

4. **Датум на извршување на надзорот:** 5 јуни 2018 година

5. **Предмет на надзорот:**

   - **Член 14 од Законот за медиуми** (Импресум)
   - **Член 51 став 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги** (Информации достапни за корисниците)
   - **Член 97 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги** (Идентификација на радиодифузер)

6. **Претходно изречена мерка:** нема

7. **Констатации од надзорот:**

Со редовниот административен надзор врз телевизискиот програмски сервис на Радиодифузно Друштво НАША ТВ ДООЕЛ - Скопје, емитуван на 7 мај 2018 година, на државно ниво, **е констатирано прекршување на член 14 од Законот за медиуми**.

Во дел од програмите емитувани на 7 мај 2018 година, не се објавени податоците со кои се идентификуваат авторите што учествувале во подготовката на аудиовизуелните содржини, за носителот на авторските права, за одговорното лице на медиумот, за одговорниот уредник/уредниците на програмите, за потеклото и датумот на продукција на аудиовизуелните дела, името на медиумот од каде што е

преземена содржината итн., што радиодифузерот е должен да ги емитува на соодветно место за секоја содржина од програмскиот сервис.

**7.05.2018**

| **Наслов на емисија** | **Период на емитување** | | **Опис на прекршувањето** |
|---|---|---|---|
| | **Почеток** | **Крај** | |
| **Кажи и направи нешто добро за Македонија**: Гимназија Нова | 00:27:21 | 00:49:28 | Не се објавени податоците утврдени во член 14 од Законот за медиуми. |
| **Добра идеја** (домашни сапуни, слатки од новинар, грнчарство) | 03:17:07 | 03:54:57 | |

8. **Опис на прекршувањето:**

**Спротивно на член 14 од Законот за медиуми,** телевизискиот програмски сервис на Радиодифузно Друштво НАША ТВ ДООЕЛ - Скопје, на 7 мај 2018 година, во дел од емитуваните програми не ги објави податоците што е должен да ги емитува на соодветно место за секоја содржина од програмскиот сервис.

9. **Предлог мерка:**

- Директорот на Агенцијата да донесе решение со кое ќе го опомене телевизискиот програмски сервис на Радиодифузно Друштво НАША ТВ ДООЕЛ - Скопје и согласно точка 7 од Упатството за определување на рокот за постапување по решенијата на Агенцијата за преземање мерка бр. 01-6039/1 од 20.10.2015 година, да му наложи во рок од 45 дена од денот на приемот на решението да го усогласи своето работење со одредбите од Законот за медиуми; и

- Да се изврши контролен надзор, со цел да се утврди дали субјектот на надзорот (радиодифузерот) постапил по опомената (во целост, делумно или не постапил), по истекот на рокот определен во поединечниот акт (решение), донесен од страна на директорот на Агенцијата.

***Сектор за програмски работи***